1.

**Прашање:**

Ви благодарам за презентацијата и честитки за резултатите. Се надевам дека и оваа година ќе биде успешна како и минатата.

Имам две прашања поврзани со билансот на успех. Првото е поврзано со приходите од финансии, кои се во износ од 2.5 милиони денари во споредба со достапноста на финансиски средства, која е приближно 50.000.000 евра. Моето прашање е што е причината за ваквата одлука да се чуваат средствата сега кога каматните стапни се значително зголемени и кој е статусот сега во 2023 година или имате намера да ги искористите овие средства во насока на остварување поголеми приходи од финансии во 2023 година? Бидејќи 3-4 проценти приход на овој износ е значителен за друштвото.

**Одговор:**

2022 година беше исполнета со предизвици во полето на достапност и снабдување со деривати. Затоа, нашата намера беше да одржиме високо ниво на ликвидност во секој даден момент. Затоа, не сме многу фокусирани на инвестиции насочени кон профит. Ова е секако нешто што може да се промени со текот на времето и тековно вршиме проценки.

2.

**Прашање:**

Второто прашање се однесува на бруто маржата. Зошто бруто маржата се има намалено во 2022 година во однос на 2021 година, иако количините на нафтени деривати кои се продадени се зголемени?

**Одговор:**

Сумарно, ова се должи на цените на дериватите. Тоа е причината за помалата маржа.

3.

**Прашање:**

Моето прашање се однесува на реинвестицијата на добивката од 9 милиони евра за изградба на ФВ централа. Претпоставувам дека на Одговор на директори му е презентиран деловниот случај, и која е очекуваната стапка на поврат на инвестицијата, и кој е очекуваниот рок за завршување на проектот?

**Одговор:**

Одборот на директори е известен за првичните карактеристики на проектот. Со оглед на значајноста и големината на проектот, и исто така на нестабилноста на пазарот на електрична енергија, бидејќи сме сега во завршна фаза на собирање на понуди, ќе имаме појасна слика за точната вредност на инвестицијата, со оглед на последните цени, и ќе имаме конечна слика за пазарот на електрична енергија. Конечниот предлог ќе биде презентиран и завршен откако ќе ги имаме овие информации.

Рокот за завршување на проектот би бил отприлика 10 месеци, тендерската постапка е во тек.

4.

**Прашање:**

Дали акционерите може да имаат увид во деловниот случај, откако ќе стане финален?

**Одговор:**

Ќе провериме. Ќе дискутираме со Одборот.